# З А П И С Н И К
## Од 6- та седница на Советот на Општина Велес
## која се одржа на 26.12.2025 година

Претседателот на Советот Даниел Јаневски, констатираше дека на почетокот на седницата присуствуваат 20 члена на Советот.

Потоа ја отвори 6-та седница на Советот на Општина Велес, која започна во 10:40 часот.

Пред да го прочита предложениот дневен ред, претседателот го стави на расправа Записникот од 5-та седница на Советот на Општина Велес. За расправа не се јави никој.

Се премина кон гласање на Записникот од 5-та седница и по гласањето се утврди дека од 20 присутни, со 20 гласа „за“беше усвоен Записникот од 5-та седница на СОВ.

Претседателот на Советот ги прочита точките кои се предложени во следниот:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1.Нацрт - Статут на Општина Велес;
2.Предлог – програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2025 година;
3. Предлог - програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2026 година;
4. Предлог- Буџет на Општина Велес за 2026 година;
5. Предлог – одлука за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2026 година;
6. Предлог - Буџетски календар на Општина Велес за 2026 година;
7.Предлог-одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2026 година;
8. Предлог-одлука за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2026 година;
9. Предлог-одлука за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми, пасишта, ливади на територијата на Општина Велес за 2026 година;
10. Предлог-одлука за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот;
11. Предлог – Одлука за прифаќање донација од КАМ ДОО Илинден;
12. Предлог – решение за именување на претседател и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата;
13. Предлог – решение за престанок на мандат на член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;
14. Предлог – решение за престанок на мандат на вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;
15. Предлог – решение за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;
16. Предлог – Одлука за распишување на Јавен повик за projaвување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;
17. Предлог – програма за работа на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес за 2026 година;
18.Извештај за работа на ЈКП „Дервен“ Велес за период од I до IX месец 2025 година;
19. Предлог – одлука за изменување и дополнување на Одлуката за авто – такси превоз на патници во Општина Велес;
20. Заклучоци против дезинформации за мигрантските кампови и политички манипулации;
21.Советнички прашања.

Претседателот наведе дека од страна на Градоначалникот е доставено Барање со бр.08-5854/3 од 26.12.2025 година за дополнување на Дневниот ред со точка под ред.бр.19. Предлог – одлука за давање на трајно користење движни ствари – прочистувачи на воздух на објекти од областа на образование и објект од предучилишна возраст.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување за итноста на предложената точка.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави Анета Стајиќ.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

Итноста на точката се стави на гласање и од 19 присутни членови со 19 гласа „за“ истата стана дел од Дневниот ред за денешната седница.

Предложениот дневен ред, се стави на гласање. По гласањето се констатираше дека од 19 присутни членови на Советот со 16 гласа „за“ и 3 члена не се изјаснуваат, се усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1.Нацрт - Статут на Општина Велес;
2.Предлог – програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2025 година;
3. Предлог - програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2026 година;
4. Предлог- Буџет на Општина Велес за 2026 година;
5. Предлог – одлука за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2026 година;
6. Предлог - Буџетски календар на Општина Велес за 2026 година;
7. Предлог-одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2026 година;
8. Предлог-одлука за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2026 година;
9. Предлог-одлука за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми, пасишта, ливади на територијата на Општина Велес за 2026 година;
10. Предлог-одлука за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот;
11. Предлог – Одлука за прифаќање донација од КАМ ДОО Илинден;
12. Предлог – решение за именување на претседател и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата;
13. Предлог – решение за престанок на мандат на член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;
14. Предлог – решение за престанок на мандат на вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;
15. Предлог – решение за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;
16. Предлог – Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;
17. Предлог – програма за работа на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес за 2026 година;
18.Извештај за работа на ЈКП „Дервен“ Велес за период од I до IX месец 2025 година;
19. Предлог – одлука за давање на трајно користење движни ствари – прочистувачи на воздух на објекти од областа на образование и објект од предучилишна возраст;
20. Предлог – одлука за изменување на Одлуката за авто – такси превоз на патници во Општина Велес;
21. Заклучоци против дезинформации за мигрантските кампови и политички манипулации;
22.Советнички прашања.

Се премина кон расправа на точките

**ТОЧКА 1. Нацрт - Статут на Општина Велес**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Магдалена Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања и реплика се јавија: Драган Стојанов, Изабела Апцева, Јованче Манасков, Анета Стајиќ и Лилјана Чолакова Дервишова.
Одговор на поставените прашања даде претседателот и овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 15 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“се утврди текстот на Нацрт - Статутот на Општина Велес.

**ТОЧКА 2. Предлог – програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2025 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Роза Здравева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Јованче Манасков и Мирјана Савова Петрушвевска.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.
Кон одговорот се приклучи и претседателот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 18 присутни, со 15 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2025 година.

**ТОЧКА 3. Предлог - програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Димче Ацков,Јованче Манасков,Мирјана Савова Петрушевска и Лилија Чолакова Дервишова.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 15 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се донесе Програмата за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2026 година.

**ТОЧКА 4. Предлог- Буџет на Општина Велес за 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија, прашања и реплика се јавија: Маја Демерџиева, Анета Стајиќ, Мирјана Петрушевска Савова, Драган Стојанов, Елизабета Митревска Ангелеска, Селма Амедоска, Слободан Ников и Лилјана Чолакова Дервишова.
За збор се јави и Градоначалникот.
За збор се јави и претседателот.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 16 гласа „за“, 2 гласа „воздржан“ и 3 члена не се изјаснуваат, се донесе Буџетот на Општина Велес за 2026 година.

**ТОЧКА 5. Предлог – одлука за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 16 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2026 година.

**ТОЧКА 6. Предлог - Буџетски календар на Општина Велес за 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 18 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Буџетскиот календар на Општина Велес за 2026 година.

**ТОЧКА 7. Предлог-одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави: Мирјана Петрушевска Савова.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 21 гласа „за“ се донесе Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година.

**ТОЧКА 8. Предлог-одлука за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

За расправа со дискусија и прашања се јави: Мирјана Петрушевска Савова.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 16 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2026 година.

**ТОЧКА 9. Предлог-одлука за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми, пасишта, ливади на територијата на Општина Велес за 2026 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.
Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

За расправа со дискусија и прашања се јави: Мирјана Петрушевска Савова.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 16 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми, пасишта, ливади на територијата на Општина Велес за 2026 година.

**ТОЧКА 10. Предлог-одлука за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.
Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави: Мирјана Петрушевска Савова.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 16 гласа „за“, 2 гласа „воздржан“ и 3 гласа „против“ се донесе Одлуката за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот.

**ТОЧКА 11. Предлог – Одлука за прифаќање донација од КАМ ДОО Илинден**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анита Пивкова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 20 гласа „за“ се донесе Одлуката за прифаќање донација од КАМ ДОО Илинден.

**ТОЧКА 12. Предлог – решение за именување на претседател и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 19 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се донесе Решението за именување на претседател и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата со кое се именуваат: за претседател -Славче Велков и членови: Славица Переска, Димче Јованов, Трајче Мечалов, Трајче Давидов, Катерина Ѓошева, Александар Бузалков, Катерина Стојадиновиќ, Марјанче Панов, Зоран Стаменовски и Тони Панов.

**ТОЧКА 13. Предлог – решение за престанок на мандат на член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

По ова се донесе Решението за престанок на мандат на член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес со кое се констатира престанок на Анета Стевановска Јаневска.

**ТОЧКА 14. Предлог – решение за престанок на мандат на вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

По ова се донесе Решението за престанок на мандат на вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес со кое се констатира престанокот на мандат на: Жарко Атанасовски и Елена Панов.

**ТОЧКА 15. Предлог – решение за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Членот Мирјана Петрушевска Савова ги предложи: Петар Ѓоргиевски, Надица Калаузарова и Благој Коларов за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес.

Претседателот даде појаснување за предлозите, согласно закон.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 13 гласа „за“, 2 гласа „воздржан“ и 3 гласа „против“ (членовите Весна Атанасовска и Благојка Наунова се изземаат од гласање) се донесе Решението за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес со кое се назначуваат: Анета Стевановска Јаневска, Невзат Муареми и Добривое Пауновски.

**ТОЧКА 16. Предлог – Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анита Пивкова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 18 гласа „за“ (членовите Весна Атанасовска и Благојка Наунова се изземаат од гласање) се донесе Одлуката за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес.

**ТОЧКА 17. Предлог – програма за работа на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес за 2026 година**

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес, Снежана Бошевска беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 20 гласа „за“ се усвои Програмата за работа на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес за 2026 година.

**ТОЧКА 18. Извештај за работа на ЈКП „Дервен“ Велес за период од I до IX месец 2025 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на финансискиот директор на ЈКП „Дервен“ Велес, Васил Николов беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Драган Стојанов, Маја Демерџиева, Анета Стајиќ, Лилјана Чолакова Дервишова, Мирјана Петрушевска Савова, Елизабета Митревска Анѓелеска, Јованче Манасков
Одговор на поставените прашања даде директорот.
Кон одговорот се приклучија: претседателот и градоначалникот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 14 гласа „за“ и 3 против и 2 „воздржан“ (членовите Весна Атанасовска и Благојка Наунова се изземаат од гласање) се усвои Извештајот за работа на ЈКП „Дервен“ Велес за период од I до IX месец 2025 година.

**ТОЧКА 19. Предлог – одлука за давање на трајно користење движни ствари – прочистувачи на воздух на објекти од областа на образование и објект од предучилишна возраст**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Мирјана Петрушева Савова и Јованче Манасков.

Одговор на поставените прашања даде градоначалникот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 20 гласа „за“ се донесе Одлуката за давање на трајно користење движни ствари – прочистувачи на воздух на објекти од областа на образование и објект од предучилишна возраст.

**ТОЧКА 20. Предлог – одлука за изменување на Одлуката за авто – такси превоз на патници во Општина Велес**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на секретарот на Општина Велес, Панче Јанев беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави: Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде секретарот.
Кон одговорот се приклучи и претседателот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 18 присутни, со 15 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за изменување на Одлуката за авто – такси превоз на патници во Општина Велес.

**ТОЧКА 21. Заклучоци против дезинформации за мигрантските кампови и политички манипулации**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на градоначалникот беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Јованче Манасков, Димче Ацков, Весна Атанасовска и Слободан Ников.
Одговор на поставените прашања дадоа: градоначалникот и претседателот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 15 присутни, со 13 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се донесоа Заклучоците против дезинформации за мигрантските кампови и политички манипулации.

**ТОЧКА 22. Советнички прашања**

**Селма Амедоска**

1. Дали се планира на ул. „Родна Ивева“ во близина на Костурница да се асфалтираат 150 метри од улицата?(одговорено од Градоначалник)

**Мартина Стаменкова**

1. Дали има план или програма за 2026 каде е предвидена изградба на патна инфраструктура на ул.„д-р Панче Васков“, н.Речани?(одговорено од Градоначалник)

**Димче Ацков**

1. Дали може да се избегне огнометот за „Винтер фест“? (писмено)
2. Дали се планира нешто да се направи со објектот на поранешно училиште „Џинот“?(одговорено од Градоначалник)

**Анета Стајиќ**

1. Ажурирање на веб страната на Општина Велес. (одговорено од претседателот)
2. Кога бил последниот оглас за инспектор за заштита на животната средина и под кои критериуми и кога се планира да се обнови огласот? (одговорено од Градоначалник)

**Мирјана Петрушевска Савова**

1. Дали како општина размислуваме да има постојана поставка за производите за изложба на „Порцеланка“?(одговорено од Градоначалник)
2. Кои се причините за стопирање на изградба на „ЛИДЛ“?(одговорено од Градоначалник)
3. Зошто велосипедите во ходникот на Општината и во салата не се ставени во употреба? (одговорено од Градоначалник)

**Драган Стојанов**

1. Кога се планира ул. „11-ти Октомври“, да се врати во пробитна состојба, од причина што по промената на осветлувањето, истата се наоѓа во многу лоша состојба, односно целата улица е со кал? (одговорено од Градоначалник)

2. По неколку напомени кон општинската администрација, сеуште не се постапува за излегување на терен за премер и пресметка на недвижен имот? (одговорено од Градоначалник)

**Јованче Манасков**

1.Дали и каде е е објавен возен на линиски градски превоз? (писмено)
2.Дали на сите стојалишта се поставени автобуски постројки и ако не се поради што? (писмено)
3.Дали се планира рушење на бесправно иградени објекти во 2026 година? (писмено)
4.Колку бесправно иградени објекти досега се срушени? (писмено)
5.Што се планира со објекти во кај р.Бабуна? (писмено)

Седницата беше закажана за во 10:00 часот, започна со работа во 10:40, а заврши во 17:00 часот.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-
2026 година
Велес